**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26.11.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6005 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Примерокот за анализата на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Сител во последниот период пред почетокот на изборната кампања (11 - 20 ноември 2016 година) се состои од 10

изданија на Дневникот во 19 часот и шест на Бизнис вестите (овие вести не се емитуваат за време на викендот).

Анализираните прилози сочинуваат примерок со вкупно времетраење од 4 часа 42 минути и 22 секунди, од кои 4 часа и 2 секунди се вообличени во некој од информативните жанрови - извештаи, коментаторски извештаи, изјави, интервјуа, вести, соопштенија (Табела 1), при што има едно интервју, на 20 ноември, реализирано во живо, со професорот по уставно право Саво Климовски (22 минути). Сопствените или преземените/симулирани коментари траат 42 минути и 20 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Други субјекти | 00:48:00 | 20,00 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:00 | 1,67 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:30:04 | 12,53 % |
| Влада на РМ | 00:17:23 | 7,24 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:29:27 | 12,27 % |
| СДСМ | 00:09:00 | 3,75 % |
| Шарена револуција | 00:00:33 | 0,23 % |
| ДИК и други органи | 00:04:15 | 1,77 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:37 | 0,26 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:20 | 0,14 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:20 | 0,14 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:20 | 0,14 % |
| Левица | 00:00:37 | 0,26 % |
| Либерална партија | 00:00:20 | 0,14 % |
| Без субјекти | 00:21:09 | 8,81 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:22:57 | 9,56 % |
| Локална самоуправа | 00:06:04 | 2,53 % |
| Граѓански сектор | 00:09:21 | 3,90 % |
| СДПМ - Социјалдемократска партија на Македонија | 00:00:12 | 0,08 % |
| Специјално обвинителство | 00:02:54 | 1,21 % |
| Судство | 00:02:45 | 1,15 % |
| Народно движење за Македонија | 00:01:10 | 0,49 % |
| ГДОМ | 00:05:10 | 2,15 % |
| Демократски сојуз | 00:00:17 | 0,12 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:47 | 0,33 % |
| Експерти/аналитичари | 00:22:00 | 9,17 % |
| | **Вкупно: 04:00:02** | **100 %** |

Прва по временската застапеност е методолошката категорија *„други субјекти"*, во која влегуваат разнородни субјекти, тогаш кога се носители на информативната содржина, меѓу кои: Вечер, Национален сојуз на слепите на РМ (НССРМ), НБРМ, универзитетски професори, Комора на северо-западна Македонија, ФПЦ Технопласт, новинари, адвокати, МПЦ, Македонски православни здруженија во Австралија, Групација на пазарџии при СКМ, Институтот Охрид, Стопанска банка Скопје, Академија за судии и јавни обвинители, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, ИЗИИС, Градежниот факултет во Скопје, Завод за испитување на материјали, Факултетот за арт и дизајн при ЕУРМ, ИНОВО БРОКЕР, Арбитражен суд при СКМ, Лавдрим Мухаџери, Кластер за текстил, Конфедерација на работодавачи на Македонија, МЖ

Транспорт, Сојузот на тутунски здруженија на РМ, Регионална стопанска комора, Центар за развој на ВПР, Комора на извршители на Македонија, Градежна комора при ССК и др.

Следуваат органите на државната управа и јавните претпријатија преку нивните активности.

Наредна е партијата ВМРО ДПМНЕ, која е единствената политичка партија што има позначајна временска застапеност (29 минути и 27 секунди). Кај ВМРО ДПМНЕ, освен информации за нејзините активности и ставови, се појавуваат позитивни ставови за партијата преку изјави на странски политичари (од САД, Унгарија). Од другите политички партии најмногу има информации за активности на СДСМ (9 минути), НДМ (1 минута и 10 секунди), а информациите за ГРОМ, ДУИ, Левица, ДПА, Коалицијата за промени правда, Коалицијата ВМРО за Македонија, Либералната партија, Демократски сојуз и СДПМ траат покусо од минута.

Следува категоријата *„амбасадори/меѓународни организации/странски политичари“* кај која, во првите денови од извештајниот период, има прилози поврзани со грчките ставови против Македонија, упатени до претседателот на САД Барак Обама, во контекст на неговата посета на Атина.

Методолошката категорија *„експерти/аналитичари“*, исто така има позначајно време во информативните жанрови кое се должи пред сè на интервјуто со проф. Саво Климовски.

Наредна е категоријата *„без субјекти“* во која методолошки влегуваат граѓаните кои не се носители на политички субјективитет.

Листата на субјекти со позначајно временско присуство се комплетира со Владата за која, и овој извештаен период, покрај информации за редовните активности има и прилози со позитивен контекст за проектите, резултатите од политиките и активностите на Владата, какви што се: на 12 ноември „Втора домашна компанија влегува со инвестиција во зоните. ФПЦ Технопласт почна изградба на фабрика за 200 вработувања“ (2 минути и 23 секунди); 15 ноември „Арсовска Томовска на Меѓународна конференција“ (1 минута), „Пензионерите ќе добијат за 5% зголемени пензии во декември“ (1 минута и 38 секунди), „Струмичките земјоделци добиле околу 40 милиони евра субвенции изминативе 10 години“ (1 минута и 55 секунди); на 17 ноември „Диме Спасов на терен“ (42 секунди), „Над 600 домаќинства добија субвенции за соларни панели“ (1 минута и 46 секунди), „Почна откупот на тутун: Родот квалитетен, се очекува повисока цена“ (1 минута и 41 секунда); на 18 ноември „'Македонија вработува 2' е успешен проект. Нови 3 илјади работни места отворени за 5 месеци“ (1 минута и 21 секунда). За резултатите од политиките на власта има и прилози со позитивен контекст во кои како субјекти се јавуваат органи на државната управа, јавни претпријатија, комори и други субјекти.

Во делот на директните обраќања во информативните жанрови, најзастапени се експертите, потоа *„другите субјекти“* и ВМРО ДПМНЕ (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:13:06 | 14,80 | % |
| СДСМ | 00:04:24 | 4,97 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:07 | 4,65 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:10 | 0,19 | % |
| Други субјекти | 00:16:32 | 18,68 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:09:28 | 10,69 | % |
| Шарена револуција | 00:00:16 | 0,30 | % |
| Влада на РМ | 00:05:19 | 6,01 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:13 | 7,02 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:29 | 1,68 | % |
| ГДОМ | 00:02:03 | 2,32 | % |
| Судство | 00:01:00 | 1,13 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:35 | 0,66 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:54 | 1,02 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:13 | 0,24 | % |
| Левица | 00:00:11 | 0,21 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:14 | 0,26 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:17 | 0,32 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:22:00 | 24,85 | % |
| **Вкупно:** | **01:28:31** | **100** | **%** |

И овојпат, ТВ Сител за пренесување на позитивното или негативното врамување или тон, ги користи аналитичките жанрови, но и информативните жанрови.

На 11 ноември, се емитува коментар „Уредничка анализа: Нови турбуленции, јавен револт и несогласувања во опозициските редови“ (3 минути и 42 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Во него се пренесуваат скрин шотови со негативните реакции од Фејсбук профили на членови на СДСМ (Весна Бендевска, Ана Павловска Данева, Дејан Тодоровски, Ленче Николовска и др.) поради тоа што партискиот лидер Зоран Заев ја поканил партијата на Драгиша Милетиќ во Коалицијата. Се емитува и изјава на Заев за тоа дека Конгресот на партијата нему му дал право да склучува договори за стапување во коалиција. Потоа се наведува дека коалицирањето со Милетиќ е „само еден од низата потреси во опозицијата оваа недела почнувајќи од листите па сè до најавите за редефинирање на уставниот систем на Македонија преку промена на Уставот и цврстиот став на Заев за воведување на двојазичност на целата територија на Македонија“ по што се емитува инсерт од емисијата на ТВ 21 во која зборува за употребата на албанскиот јазик, губењето на гласови на Македонците, граѓанскиот концепт на партијата кој не исклучува промена на Уставот. На крајот има анкета со граѓани со негативен став за Заев, и се потсетува оти политичките аналитичари веќе оцениле „дека отворањето на Уставот за прашања кои задираат во етничките права е опасна политичка реторика која може да предизвика нови кризи во Македонија“.

Во најавата за прилогот „Зоран Заев повторно најави дека во првите 30 дена по изборите, ќе ги смени сите судии (46 секунди) има коментар со негативна рамка за СДСМ - „Зоран Заев најави нешто што во Македонија не е видено, но не е видено ни во Европа. Извршната власт да се закани на судската власт дека целосно ќе ја смени и дека ќе донесе свои луѓе“.

Следува уреднички коментар за Иван Бабамовски и слични Удбаши кои вршеле тортура врз Драган Павловиќ Латас и други новинари во минатото, кога бил млад новинар во „Млад борец“ и сегашното влегување на Бабамовски во редакцијата на „Република“ и закани по животот на новинари.

Подолу во вестите има уреднички коментар за победата на Доналд Трамп на претседателските изборите во САД и за Сорос (5 минути и 52 секунди), при што се прави паралела со состојбите во Македонија (тоа што Клинтон не победи, значи дека ќе ослабат позициите на Сорос и ќе се намалат парите за УСАИД од каде се финансираат соросоидите, па затоа тие сега „бараат вработување или ухлебнување во државните институции и јавниот сектор“, како пратеници „илјаду – илјаду евра месечно не е мала пара“, како вработени во Специјалното јавно обвинителство „се вработуваат масовно таму“, бараат „Советот за етика да го злоупотребуваат, да делегираат свои членови во идно можно тело во Агенцијата за медиуми, кое треба да работи тоа што сега го работи Привремeното тело, и да има едно 6-7 соросоиди со 80 илјади денари плата кои ќе добијат ново ухлебнување и нови работни места. Ќе ги плаќаме сите ние, а ќе работат против нас“).

По ова се емитува коментар „На Америка и се случува Македонија: Кога губи Сорос, започнува насилство - шарени платеници против волјата на народот“ (1 минути и 41 секунда) со негативна рамка за „Шарената револуција“. Во него се говори за протести во САД по победата на Доналд Трамп и написите во странски медиуми дека тоа е финансирано од Џорџ Сорос. Се вели дека целта е да се предизвикаат „обоени револуции“ како онаа во Србија во 1999 година, потоа Грузија, Украина, арапските земји, Израел, Македонија кои „се само дел од земјите - жртви на овие шарени револуции, организирани за личен профит на нивните

финансиери. Домашните експерти пак, коментираат дека ерата на обоените револуции, по сè изгледа дека ќе заврши во Америка со победата на Доналд Трамп кој ќе го спречи ваквото криминално делување".

Малку подоцна во вестите, пред прилогот „Фросина Ременски да се извини во рок од 48 часа, во спротивно ќе биде поднесена кривична пријава порачаа од Националниот сојуз на слепите на РМ" (1 минута и 55 секунди) се емитува следнава најава, со негативна рамка за Ременски: „Привремената министерка за социјала и труд од СДСМ Ременски, непријатели виде дури и во луѓето кои имаат оштетен вид во Република Македонија. Ги прогласи за партиски експоненти".

На 12 ноември, во извештајот „Висок функционер на СДСМ направи сообраќајка, партиски активисти и полицијата малтретираа сниматели на ТВ Сител" (2 минути и 15 секунди) со негативна рамка за СДСМ и МВР, се коментира дека според очевидци кои се јавиле во ТВ Сител „високиот функционер на СДСМ Мила Царовска дивеела низ скопските улици и направила сообраќајна несреќа". Се емитуваат снимки од лица за кои се вели дека се активисти на СДСМ кои и попречуваат на екипата на ТВ Сител да ја работи својата работа, се вели оти подоцна пристигнал портпаролот на СДСМ Петре Шилегов по што дежурниот полициски службеник му забранил на снимателот да снима и се обидел да му го одземе снимениот материјал. Снимателот бил приведен поради тоа што одбил да го предаде материјалот и му било забрането да го напушти местото на настанот. Потоа се наведува дека ова не е првпат „насилници од редовите на СДСМ да се обидат физички да се пресметуваат со новинари и сниматели на Сител, но првпат се случува полициски службеници да ја попречуваат" работат на екипа на Телевизијата и оти „ваквото однесување на полицијата доаѓа откако Оливер Спасовски ја презема функцијата министер во полицијата". До министерот јавно се поставува прашањето дали ваквото однесување на полицијата било со цел да се сокрие дека висок функционер на СДСМ учествувал во сообраќајна несреќа и оти дополнителен сомнеж дава фактот што случајот не бил евидентиран во полицискиот билтен.

На 13 ноември во прилогот со негативна рамка за СДСМ „Цуцуловски: Заев да добие место почесен претседател на ВМРО ДПМНЕ" (2 минути и 11 секунди) се пренесува коментарот на професорот Љубомир Цуцуловски, од неговиот Фејсбук профил, за тоа дека: Зоран Заев треба да биде избран за почесен претседател на ВМРО ДПМНЕ бидејќи го дезориентира и целосно го подели членството на СДСМ, односно дека постојат членство и симпатизери, но не постои партијата, а наспроти тоа ВМРО ДПМНЕ просто заплашува со неговата организираност, цврстина и ултимативно спроведување на централните одлуки. За Цуцуловски се вели дека "важи за силен критичар на власта кого често го користат медиумите под контрола на опозицијата" и дека е еден од универзитетските професори кои деновиве упатиле критики на сметка на СДСМ, по што уште еднаш се потсетува на: Фејсбук статусот на Каролина Ристова Астеруд, по објавувањето на листите со пратеници, реакцијата на поранешната потпретседателка на СДСМ Ана Павловска Данева, на Мирјана Најчевска, Сашо Тасевски.

Нешто подолу се пренесува колумната на поранешен амбасадор на САД и заменик- портпарол на Стејт департментот Адам Ерили „Реакции за работата на СЈО: Треба и да го практикуваш тоа што го проповедаш" (2 минути и 36 секунди) со негативен тон и рамка за Специјалното јавно обвинителство. Во прилогот се вели дека Јанева ја „злоупотребува својата моќ и ја дискредитира институцијата, како и довербата на јавноста која со заклетва се обврза да ја брани", „го оцрнува целиот судски систем преземајќи го законот во свои раце", дека со вработувањето свои роднини, отпуштањето заменици-обвинители кои наводно не се согласувале со неа" „ја претставува корупцијата против која треба да се бори". Потоа се вели дека и претседателот на ГРЕКО Марин Мрчела упатил критика за СЈО.

На 14 ноември се емитува симулираниот преземен коментар „Дневниот весник Вечер објави уплатница за ажурирано членство на Катица Јанева во СДСМ" (3 минути и 35 секунди) со негативен тон и рамка за специјалната јавна обвинителка Катица Јанева и СДСМ. Во пренесениот напис како доказ се приложува уплатница со која се вели дека Јанева верификувала членство во СДСМ и дека треба да биде разрешена зашто на обвинители и судии не им се дозволени партиски дејства и членство. Потоа се потсетува на текстот во Дневник, пренесен неколку дена порано, со фотографија од членска книшка од СДСМ за која се тврдеше дека е на Јанева, што партијата го демантирала, по што прилогот се враќа на написот од Вечер и

наводите дека за близината на нејзиното семејство со СДСМ, Јанева зборувала во емисијата Топ Тема на ТВ Телма при што се наведува нејзината изјава дека го вработила својот внук Ѓорѓи Делиџаков. Следува набројување на други роднини на обвинител(к)и и на поранешен пратеник на СДСМ вработени во СЈО, се наведува дека во Романија за непотизам се одговара кривично, а дека еврокомесарот Јоханес Хан „бил прозван да одговори за партизираноста" на СЈО, по што се пренесува негова изјава дека тој не ја коментира работата на адвокатите, дека таа треба да ги презентира резултатите од своето работење; дека мисли оти „сите се однесуваат во потполно одговорен и професионален манир", дека ситуацијата не е лесна и се надева оти „сите се свесни за својата одговорност, ги преземаат неопходните мерки и ја почитуваат меѓусебната работа".

На 15 ноември се емитува коментарот „СДСМ ја злоупотребува администрацијата во Струмица за партиски цели" (2 минути и 19 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ. Најавата за прилогот гласи: „СДСМ започна со злоупотреби на администрацијата во општините кои се под нивна контрола. Денеска административците во Општина Струмица, во текот на работното време, биле ангажирани за снимање на партиски спот во градот. Случајот го регистрирале телевизиските камери". Во прилогот се наведува дека вработени во училишта и јавни претпријатија во Општина Струмица каде градоначалник е Зоран Заев, обвинуваат за злоупотреба. Се пренесува дека тие добиле СМС пораки кога и каде да се појават за да се снима рекламен спот за СДСМ и се покажуваат снимки од луѓе кои се движат во колона, и се заокружуваат со црвено лица за кои се наведува на која позиција работат во Општината. Потоа се цитираат законски одредби со кои се забранува учество на вработени во администрацијата во изборни активности или политичка активност. На крајот се вели дека од СДСМ е побаран став, но до објавувањето на прилогот тој не стигнал. По прилогот, издвоено се емитува демантот од Општина Струмица (18 секунди).

На 16 ноември, во коментаторскиот извештај „Панчевски: Напаѓачот на портпаролката на судот подолго време упатува закани и кон други службеници" (2 минути и 45 секунди) има негативна рамка за СДСМ. Во прилогот се пренесува ставот на Основен суд Скопје 1 (преку соопштение и изјава од претседателот на Судот Владимир Панчевски) по повод инцидентот во кој Горан С., раководител на сектор, претходниот ден ја нападнал портпаролката на Судот. На почетокот од прилогот, акцентот се става на тоа дека тој учествувал на протестите на опозицијата. На крајот се вели дека од МВР нема информација за инцидентот, ниту тој се наоѓа во дневниот билтен.

Следува коментарот „Функционер на СДСМ инкасирал 2,5 милиони евра за 3 години од тендери на Општина Струмица" (2 минути и 57 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ. Се вели дека „нема крај на тендерската мрежа на струмичкиот градоначалник Зоран Заев. Освен неговите роднини и пријатели, од парите на струмичани се богателе и луѓе во највисокото раководство на СДСМ". Потоа се вели дека Митко Николовски, претседателот на Комисијата за енергетика на СДСМ е истовремено и управител на компанијата „Си Ен Џи Системс", која е во сопственост на неговата сопруга, и дека досегашните три тендери на Општина Струмица за набавка на гас ги добила оваа компанија. Потоа се вели дека од „Струмица гас" „општинското претпријатие на градоначалникот Заев, денеска потврдија дека сите тендери за набавка на гас ги добила фирмата на претседателот на Комисијата за енергетика на СДСМ". Потоа се емитува извадок од изјавата на Зоран Китанов, директор на „Струмица гас" за тоа оти тендерот бил меѓународен, за тоа кој учествувал на тендерот, дека набавката ја добила фирмата „Галилео ЕсА", чиј овластен дистрибутер во РМ е „Си Ен Џи Системс". Потоа се вели: „Китанов денеска призна дека фирмата со која раководи, гасот го набавува по цена од 24,4 за метар кубен" и се споредува оти цената на гасот што го набавува ЕЛЕМ е 13 денари за метар кубен и оти „фирмата на функционерот на СДСМ прави чист ќар од 11 денари по метар кубен". На крајот се вели дека медиумите ја објавиле „целата тендерска мрежа на струмичкиот градоначалник преку која милион евра, пари на струмичани, завршувале во фирмите на Вицето, но и таткото, чичкото, стрините и блиските пријатели на кланот Заеви".

Извештајот од трибината на ГДОМ во Струмица „ГДОМ: Граѓаните се пред избор - подобар стандард или двојазична и федерализирана Македонија" (3 минути и 9 секунди) има коментаторски дел, со негативен тон и рамка за СДСМ, во кој се пренесуваат написи од „Република" (албанските гласови се злато вредни за

СДСМ, повредни од државата, безбедноста, народот и националните интереси, поддржувачот на вахабизмот Мухамед Зекири зборувал против Јохан Тарчуловски, а никој од СДСМ не го одбранил) и „Курир“ (за глас повеќе, Зоран Заев ги продава националните интереси и на албанската дијаспора, бил во посета на Швајцарија каде зборувал на трибина на албанската дијаспора, на која зборувал и Зијадин Села). Се емитува делот од изјавата на Заев за ТВ 21-М дека не исклучува промена на Уставот.

На 17 ноември „Дневникот“ на Сител започнува со коментар со негативна рамка за СДСМ (2 минути и 49 секунди), означен со следниве телопи: „Антикорупциската комисија ќе го разгледува случајот со набавката на гас во Струмица“, „Ќе се проверува дали постои судир на интереси бидејќи Заев набавувал гас од својот сопартиец, претседател на Комисијата за енергетика на СДСМ“, „Заев веќе подели милиони тендери на неговата фамилија“, „Андреевски преку „Струмица гас“ заработил 2,6 милиони евра“. Во најавата се вели: “Започнуваме со скандалот што го откри „Вечер“ и заедно со Сител го сработе до крај, а крајот ќе предизвика реакција на Антикорупциската комисија“. Потоа се потсетува на прилогот од претходниот ден дека „Зоран Заев организирал испорака на гас во Струмица. Не може да се каже дека е тоа гасификација, бидејќи нема гасоводи. Се носи гасот во камиони, односно во цистерни“ и дека од тоа, само во една транша, партиски колега на Заев, кој ја води енергетската комисија, заработил 800 илјади евра. Потоа се емитува прилогот во кој се тргнува од тоа дека Антикорупциската комисија ќе проверува дали во „гасната афера на СДСМ“ постои судир на интереси поради тоа што „Заев набавувал гас од свој сопартиец“, по што се повторуваат информациите од прилогот емитуван претходниот ден, кој се надополнува со тоа дека Андреевски претходниот ден демантирал „дека не се точни информациите дека добил два тендери од Струмица, но податоците од Бирото за јавни набавки го потврдуваат она што го објави Сител“. Се повторува споредбата на цената за набавка на гасот и пресметките за тоа колку се заработувало по метар кубен гас и се повторува наводот за „тендерската мрежа на Заев“.

Подолу во вестите, следува коментарот со негативна рамка за Зоран Заев и СДСМ „Заев од Берн пред дијаспората продолжи да ја „бутка“ идејата за двојазичност на Македонија. Проблемот е во Македонија, јас ќе им помогнам на Албанците вели Заев“ (2 минути и 47 секунди). Најавата за прилогот гласи: „Кој имал сомневање до сега, мислејќи дека можеби така рекол, можеби не рекол, еве го сега Зоран Заев во Швајцарија, пред иселениците Македонци, кои треба да гласаат на наредните избори, каде што вели: Рамковниот договор не постои, тој е само рамка, а ако не треба рамка, тогаш не треба да се вика Рамковен договор – но за тоа друг пат. Рамковниот договор не постои, ние треба да го надминеме. Ќе направи сè за да ги задоволи Албанците, вели Зоран Заев, а бара тие да го задоволат него“. Следува прилогот во кој се вели - Зоран Заев “повторно со скандалозни изјави, овојпат од трибина со албанската дијаспора во Берн Швајцарија“, на која учествувал и Зијадин Села, градоначалникот на Струга. Се наведува дека по претходната изјава во која „најави отворање на Уставот за редефинирање на државното уредување, Заев вчера отворил уште едно прашање што е исклучително чувствително во Македонија, кога станува збор за меѓуетничките релации – предлага проширување на Рамковниот договор“, по што се емитува изјава на Заев од собирот во Швајцарија. Се вели дека „отворено и жестоко ја критикувал македонската надворешна политика кон соседите дека „таа предизвикувала непријателства со сите соседи“, по што следува уште еден дел од обраќањето на Заев пред дијаспората и има трет дел со ставот за употребата на албанскиот јазик на територијата на Република Македонија. На крајот се вели оти „политичките аналитичари веќе оценија дека ваквите ставови на опозицискиот лидер може да бидат опасни за внатрешната стабилност на државата, бидејќи станува збор за прашања кои задираат во етничките чувства на граѓаните“.

На 18 ноември, се емитува коментарот, со негативен тон и рамка за Зоран Заев, означен со телопите: „Експерти: Чисто уривање на Рамковниот договор“, „Каракамишева: Заев сака да и наштети на државата повеќе како одмазда кон македонските граѓани што не гласаат за него“, „Експерти: Зоран Заев е свесен дека со самото тоа што сака од СДСМ да направи албанска партија се коси со одредбите од Рамковниот“ (3 минути и 49 секунди). Во него е пренесена изјава на Тања Каракамишева, професорка по уставно право (ова „сценарио е надвор од умот, шизофрена, луда политичка игра во која влегува Заев“ за да си ја спаси политичката кожа, бидејќи прави три кривични дела, наметнува политичка игра на негирање на

Република Македонија, онака како што е уставно поставена, со цел да се нарушат позициите на ВМРО ДПМНЕ по изборите кога како победник ќе треба да преговара со ДУИ за составување на владата, и да ја продолжи кризата за СДСМ да се наметне како политички неминовен дел од идната влада). Во прилогот потоа се вели дека Зоран Заев по претходните изјави, „последните радикални изјави ги даде пред дијаспората во Швајцарија" по што се репризира изјавата за тоа дека Охридскиот рамковен договор е рамка кој треба да се надмине и дека ја отворил темата за употребата на албанскиот јазик на територијата на Република Македонија. Потоа се прекажува став на аналитичарот Никола Србов (идеите на Заев водат кон „физичка делба на државата, се нарушува унитарноста и безбедноста. Особено се опасни и тезите според кои Македонија е виновна што Грција не го признава нејзиното име, што Бугарија го оспорува јазикот, а СПЦ ја оспорува независноста на црквата").

Подоцна во вестите се емитува извештај „СЈО отвори деветти случај: Таргет" (1 минута и 57 секунди) на чиј почеток се коментира дека „два дена пред официјалниот почеток на изборната кампања, Специјалното јавно обвинителство ја стартуваше кампањата во корист на СДСМ".

Следува коментар со негативна рамка за СДСМ и СЈО „Денешната Прес на СЈО Зоран Заев ја најави во детали во интервју за „Фокус" минатата недела" (1 минута и 43 секунди) во кој се вели: „И ете така сосема случајно денешната прес-конференција на Специјалното јавно обвинителство, на која беше покренат случајот Таргет, опозициskiот лидер Зоран Заев ја најави во детали при интервју за опозицискиот неделник „Фокус" минатата недела". Потоа се пренесува изјавата на Заев за „Фокус" дека ако СЈО не објави податоци за прислушкувањето во судница при судењето за случајот „Пуч", тогаш ќе објави нова истрага за прислушувањето. На крајот се вели дека прес-конференцијата на СЈО се случила во момент кога требало да се отргне вниманието на јавноста од „скандалозните изјави на Заев пред албанската дијаспора во Швајцарија".

На 19 ноември, „Дневникот" почнува со коментаторскиот извештај „ВМРО ДПМНЕ: Заев сака да се дограби до власт за да ја редефинира Македонија" (3 минути и 12 секунди) со негативен тон и рамка за Зоран Заев. Во него, откако преку изјавата на Ивица Коневски ќе информира за ставот на партијата, се коментира „скандалозниот настап" на Зоран Заев пред дијаспората во Швајцарија и се репризира дел од тоа негово обраќање – за Охридскиот рамковен договор, за употребата на албанскиот јазик на територијата на Република Македонија и за односите на Македонија со соседите. Потоа се вели дека повеќемина аналитичари оцениле оти изјавите на Заев за тоа дека Македонија е виновна што Грција не и го признава името, „поддршката за воведување двојазичност и федерализација на земјава се особено опасни и можат да доведат до поделба на државата и нарушување на безбедноста".

На 20 ноември се пренесува колумната на американскиот генерал Роналд Џонсон „Американски генерал предвидува: Победата на Груевски во декември, услов за поблиска соработка со Трамп и САД" (1 минута и 53 секунди) со позитивен тон и рамка за Никола Груевски и ВМРО ДПМНЕ.

Веднаш потоа следува пренесениот/симулиран коментар од „Република", опремен со телопите „Бомбите немаа цел да ја откријат вистината за Македонија, ниту СЈО на чело со Катица Јанева се формира за да ја истера правдата", „Лидерот на опозицијата веќе подолго време работи на неповратен процес на федерализација на Македонија", „Влогот на Заев е унитарноста на Државата, преку редефинирање на РМ во три фази", „Воведување двојазичност, преку федерализација, до отцепување на делови од државата и спојување со соседни земји" (2 минути и 43 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ и Зоран Заев. Прилогот започнува со ставот на ВМРО ДПМНЕ за тоа дека СДСМ потврдила оти планира редефинирање на уставот, двојазичност и федерализација на Македонија (при што се емитува изјава на Тони Трајковски од ВМРО ДПМНЕ). Следува написот од „Република" за тоа дека СДСМ ваквата агенда ја презентира и во скопско на митинзи во училиштата и дека со тоа се фалат функционери на СДСМ, при што се покажува скрин шот од Фејсбук профил на Едмонд Адеми каде на македонски и на албански пишува „Енергија за нов почеток. #План за живот Рашче, Сфиларе, Љубин, Грчец, Крушопек, Шишево" и дека за да биде „скандалот поголем" собирите на СДСМ се држат во училишта, што се илустрира со фотографија и опис дека Зоран Заев држи говор качен на катедра во училница. Потоа се репризира изјавата на Заев дадена пред дијаспората во

Швајцарија и се вели дека тоа што Заев го зборувал „Шилегов пластично им го доловува на Албанците во тетовско за употребата на јазикот како официјален, пред сѐ во безбедносниот сектор, полицијата и армијата".

На оваа тема следува анкета со граѓани – Албанци и Македонци „Анкета: Македонците се многу против, Албанците очекуваат Зоран Заев да си го исполни ветувањето за двојазичност" (4 минути и 50 секунди), а се заокружува со интервју во живо, во кое професорот по уставно право Саво Климовски го дава својот експертски став (22 минути). Во прашањата на водителката има негативен тон и рамка за Зоран Заев и СДСМ.

***Сектор за програмски работи***